Општина Берово
Сектор за урбанизам, комунални работи и животна средина

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
МКС EN ISO 9001:201

Бр. **Уп.1.20-61**
Берово, **21.03.2024**

ОПШТИНА БЕРОВО
Одлление за урбанизам
Димитар Влахов 10
2330 БЕРОВО

тел. 033/471-057
лок.107

so.berovo@t-home.mk
www.berovo.gov.mk

Врз основа на член 44, став 7, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 32/2020 и 111/23), член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со Предлогот за Одобрување на Планската Програма за изработка на Урбанистички проект, бр. Уп.1. 20-61 од 01.03.2024 год, Градоначалникот на Општина Берово, донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

*За изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО*

**1. СЕ ОДОБРУВА** доставената **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА,** со **Тех.бр. 0801-40/23** од **Јуни 2023 год,** заверена и поднесена од **ДТУ „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје,** за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО**.

**2.** Проектната Програма со Техички број 0801-40/23 од Февруари 2023 год, поднесена од страна на ДТУ „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје, е основа за продолжување на постапката за изработка на Урбанистичкиот Проект со намена Е1.13, Општина БЕРОВО.

**3.** Оваа Решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник" на Општина Берово.

### *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Од страна на „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје, преку електронскиот систем за Е-Урбанизам, е доставена за одобрување ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО, со Тех.бр. 0801-40/23 од Февруари 2023 год.

Доставената Проектна програма ги исполнува условите од член 44, од Законот за урбанистичко планирање, изработена врз основа на Решението за Услови за планирање на просторот, со бр. Уп.1-15-648/2023 од 18.05.2023 год, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање – Скопје, за отпочнување на постапка за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат на КП 6976, КП 6975/2 и дел од КП 6980, КО Берово вон-град, Општина БЕРОВО, и врз основа на член 44, став 7, од Законот за урбанистичко планирање, и Предлогот за Одобрување на доставената Планска Програма со бр. Уп.1.20-61 од 01.03.2024 год, Градоначалникот одлучи како во диспозиривот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

*Изготвил:* ***Маја Велевска, дги***
*Одобрил:* ***Мишо Догазански, дги***

**ОПШТИНА БЕРОВО**
Градоначалник
**Звонко Пекевски**